Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

2024

Извадок на дел од дневните настани 23.10.2024

На 22.10.2024 во 15.20 часот од страна на полициски службеници од СВР Битола бил извршен претрес кај Е.М.(53) од с.Бистрица, битолско. При претресот биле пронајдени пет пушки, над 100 парчиња муниција, како и различни делови за оружје. Е.М. бил приведен во полициска станица и по документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.Исто така, на 22.10.2024, во времето од 10.30 до 11.30 часот од страна на полициски службеници од ОВР Македонски Брод при СВР Битола, а по претходно издадена судска наредба, извршен е претрес во с. Белица, во домот на Д.И.(46) од с.Белица, Македонски Брод, при што пронајдена била муниција од различен калибар. Д.И. е приведен во полициска станица и по документирање на случајот ќе следува соодветна пријава.

На 22.10.2024 во 23.20 часот полициски службеници од ОВР Прилеп ја лишиле од слобода Ј.Б.(33) од Прилеп, која била барана со судска наредба од Основен суд Прилеп, за издржување на казна затвор во Казнено поправната установа Идризово - Скопје во траење од седум месеци.

Денеска (23.10.2024) во 00.20 часот во Скопје, на подрачјето на општина Аеродром, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.С.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.10.2024 во 13.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.А.(40) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.10.2024 во 20.40 часот во Скопје, на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје ги лишиле од слобода Ф.П.(40) и А.С.(25), двајцата од Скопје, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.10.2024 во 19.20 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Н.К.(22) од с.Липково, кумановско, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.10.2024 во 16.35 часот во Полициската станица Кичево било пријавено дека на магистралниот пат Кичево- Гостивар додека Н.Л.(41) од Кичево управувал мотоцикл „јамаха", сопатничката А.Н.(40) од Кичево паднала од мотоциклот на коловозот. Во несреќата таа се здобила со тешки телесни повреди, констатирани во Медицинскиот центар Кичево. Извршен бил увид од увидна екипа од ОВР Кичево.

На 22.10.2024 во 17.00 часот во Полициската станица Чаир, И.А.Д.(31) од Скопје пријавила дека во населбата Кучевишка бара, нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 22.10.2024 во 18.20 часот во Полициската станица Чаир, В.Д.(62) од Скопје пријавила дека на ул.„Призренска" во Скопје била касната од куче скитник.

На 22.10.2024 во 20.50 часот во Полициската станица Ѓорче Петров, Г.Н.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Шар планина" во Скопје, бил каснат од куче скитник.

На 22.10.2024 околу 15 часот во СВР Штип, било пријавено дека во Казнено поправната установа Штип, од страна на вработените во КПУ Штип, во полуотворено одделение, биле затекнати осудените лица А.А.(32) и О.И.(31) како користат прашкаста материја. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2024 во 20.50 часот во СВР Скопје од Комплексот клиники „Мајка Тереза" било пријавено дека кај нив бил донесен Ќ.Д.(42) од с.Арачиново-скопско со повреди од огнено оружје во пределот на десната нога. Од страна на полициски службеници излезено било на местото на настанот и констатирано било дека околу 20 часот Ќ.Д. од едно лице бил повикан да излезе пред вратата од неговата куќа, по што лицето пукало кон него. На местото на настанот биле пронајдени две чаури од огнено оружје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2024 во СВР Битола било пријавено дека околу 02 часот во РЕК Битола- рудник Брод-Гнеотино, Е.С.(37) од с. Будаково, општина Могила, додека извршувал работни активности како возач на камион за транспорт на јаглен, удрил во мост на транспортна лента, при што се здобил со повреди. За настанот е известен трудов инспектор, а увид извршила увидната екипа на СВР Битола.

На 22.10.2024 во 12.45 часот во СВР Куманово, биле задржани Р.И.Б.(23) и А.Р.(33) и двајцата од Непал, затоа што остариле илегален влез во државата. Тие биле пренесени во Транзитниот центар Табановце за понатамошна постапка.

На 23.10.2024 околу 02.20 часот при контрола на возило „опел инсигнија" извршена на улицата „29 ноември" во Кичево, полициски службеници од ОВР Кичево, кај А.К.(41) од Кичево пронашле пушка „Крал Арис", калибар 6,35 милиметри, со монтиран нишан, за што, А.К. немал соодветна документација. Тој е приведен, а оружјето е одземено и по целосно документирање на настанот, ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 22.10.2024 во 21 часот на улица „18 Ноември" во Гостивар полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода И.Х.(56) и И.З.(28), двајцата од Гостивар, поради основано сомнение дека во текот на изминатите два месеци извршиле кражби во гостиварско. Тие се задржани во полициска станица и по документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 22.10.2024 во 22.45 часот во Виница, полициски службеници од Полициската станица Виница го лишиле од слобода М.М.(55) по претходна пријава дека околу 21.20 часот влегол во домот на неговиот сосед М.А.(54) и физички го нападнал. Во обид да го одбрани бил турнат и неговиот брат В.А. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.10.2024 во 11.45 часот во СВР Штип, Р.Р.(79) од с.Долни Балван, општина Карбинци, пријавила дека на 17.10.2024 околу 15.20 часот на место викано „Брествица" била физички нападната од А.Л.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.10.2024) во 11.00 часот во СВР Штип, В.А.(76) од Штип пријавил дека околу 09.15 часот во Штип едно лице со употреба на сила му одзело чанта во која имало пари, телефон и документи. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.10.2024) од страна на полициски службеници од ОВР Берово во периодот од 07.30 до 10.00 часот, по претходна судска наредба од Основен суд Кочани, бил извршен претрес во дом во Берово кај М.П.(81) и во викендица лоцирана на место викано Орнан-Дурева чешма, при што биле пронајдени: воздушна пушка „Црвена Заставa" 4.5 мм, 160 дијаболи калибар 4.5 мм, пиштол „ерма венке" модел еп 25 калибар 6.35 мм, 13 куршуми калибар 6.35 мм, еден куршум калибар 9 мм и 12 куршуми калибар 7.65 мм. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

Денеска (23.10.2024) во 00.30 часот во СВР Скопје 37-годишна жена пријавила дека на 22.10.2024 на подрачјето на Драчево нејзината 17 годишна ќерка била физички нападната од нејзиниот партнер Д.Д.(24), а употребил и тврди предмети. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (23.10.2024) во 02.03 часот во СВР Скопје, било пријавено дека околу 01.30 часот во с.Волково, скопско, настанал пожар во куќа сопственост на С.К.(59) од Скопје. Од Бригадата за противпожарна заштита-Скопје пожарот бил изгаснат. Повредени лица нема. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 22.10.2024 во 18 часот во СВР Скопје, било пријавено дека околу 17.40 часот во објект за брзи кредити, на подрачјето на Бит Пазар во Скопје, едно лице со закана со огнено оружје од вработената одзело пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2024 во 15 часот во СВР Скопје, 68-годишна жена од Скопје пријавила дека во периодот од 07.10.2024 до 20.10.2024 била измамена за сума од 215.497 денари. Според пријавеното, измамата е направена преку социјална мрежа, за наводно инвестирање во крипто валути, при што во наведениот период оштетената ги уплатила парите на жиро сметка која претходно и била дадена од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2024 во 21.10 часот во СВР Скопје, М.С.(66) од Скопје пријавил дека околу 17.20 часот во Скопје, на подрачјето на Гази Баба, по претходно случена сообраќајна незгода, бил физички нападнат од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 22.10.2024 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во круг на фабрика на подрачјето на Гази Баба, по претходно недоразбирање во сообраќајот бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Г.К.(49) и Р.Т.(41), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 22.10.2024 во 13.00 часот во Полициската станица Чаир, А.А.(64) од Скопје пријавил дека од домот се оддалечил неговиот син А.А.(35). Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 22.10.2024 во 13.30 часот во Полициската станица Чаир, О.Б.(61) од Скопје пријавила дека во с.Визбегово, скопско била касната од куче скитник.

Денеска (23.10.2024) во 01.30 часот во Полициската станица Карпош, Р.А.(48) од с.Злокуќани, скопско пријавил дека од домот се оддалечила неговата ќерка Н.А.(14). Според пријавеното, Н.А. подоцна се јавила кај нејзината тетка и ја известила дека по своја волја заминала кај Б.Б. во Косово. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет